ФСС - ФМУ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 15-3202
09.01. 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за музичка уметност – Скопје

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 4 од распишаниот Конкурс за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Изборната комисија за спроведување на изборот на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го донесе следното

# У П А Т С Т В О
## за спроведување на избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје со мандат од две години без можност за реизбор

### Член 1

Со ова упатство се пропишува постапката за спроведување на избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, како и начинот на работа на Изборната комисија.

### Член 2

Изборната комисија ја спроведува постапката на избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, и тоа:

- со цел спроведување на непосредни, фер и демократски избори спроведува тајно гласање;
- изготвува гласачко ливче;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор;
- составува записник за крајниот резултат од гласањето на факултетот;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето и
- извршува и други работи согласно законските прописи.

## ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Член 3

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, може да биде избран редовен студент на Факултетот.

Кандидат за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, може да биде, доколку најдоцна до 9.02. 2024 година, преку архивата на Факултетот до Изборната комисија, достави Пријава за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Изборната комисија по проверка на поднесените пријави донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите за кандидат за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

## ИЗГЛЕД НА ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ ЗА ЗАМЕНИК НА СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ ОД РЕДОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

### Член 4

Изгледот на гласачкото ливче за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, е утврден и даден во Прилог 1, и е составен дел на ова Упатство.

## НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ И ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ, РЕЗУЛТАТИ ОД ГЛАСАЊЕТО

### Член 5

Право да гласаат имаат сите членови на Факултетското студентското собрание.

По утврдување дека секој член на Факултетското студентското собрание го има во Избирачкиот список, член на Изборната комисија го заокружува редниот број пред името на секој член на Факултетското студентското собрание во списокот, секој член на Факултетското студентското собрание се потпишува во списокот до неговото име, по што член на Изборната комисија му дава гласачко ливче и го упатува секој член на Факултетското студентското собрание да пристапи кон гласање кон тајното гласачкото место на принцип еден по еден поединечно.

Гласањето се врши самостојно и тајно.

Се гласа за кандидат со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатот, по што секој член на Факултетското студентското собрание го превиткува ливчето и го става во означената кутија за гласање.

За важечко гласачко ливче се смета она гласачко ливче на кое е заокружен редниот број пред кандидатот и од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кој кандидат е гласано.

За неважечко ливче ќе се смета секое ливче кое е непополнето, прецртано, шкртано, обележано со друга форма и симбол освен заокружување и постапено спротивно на став (3) од овој член.

По завршување на определеното време за гласање, гласачкото место се затвара.

Изборната комисија ја отвара кутијата, ги пребројуваат гласовите, ги сумираат и утврдуваат резултатите од гласањето.

За спроведеното гласање Изборната комисија изработува и потпишува записник.

Факултетското студентско собрание донесува одлука со која констатира кој кандидат е избран за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор.

Одлуката на Факултетското студентско собрание е конечна.

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, ќе биде избран кандидатот кој добил најмногу гласови од членовите на Факултетското студентското собрание кои учествувале во гласањето.

## ИЗГЛЕД И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦ НА ЗАПИСНИК

### Член 6

Изборната комисија врз основа на резултатите од гласањето за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, изготвува и потпишува записник за конечниот резултат од спроведените избори.

Изгледот и содржината на записникот од став (1) на овој член е утврден и даден во Прилог 2, кој е составен дел на ова Упатство.

## ЧУВАЊЕ И УВИД ВО ИЗБОРНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 7

По спроведување на гласањето, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето, Изборната комисија гласачкиот материјал го пакува и го предава на чување и увид во архивата на Факултетот.

### Член 8

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесувањето, а задолжително да се објави на огласната табла за студенти и на веб-страницата на Факултетот.

Изборна комисија:

Прилог 1

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

Упатство за гласање:
Се гласа за еден кандидат со заокружување на редниот број пред името и презимето

## ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

**за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор за мандатен период 2024-2026**

1. ________________________________
2. ________________________________
3. ________________________________
4. ________________________________

Прилог 2


**Република Северна Македонија**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**


**ЗАПИСНИК**

**од гласањето за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор за мандатниот период 2024-2026 година**

Изборната комисија за спроведување на гласањето за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, за мандатниот период 2024-2026 година, врз основа на спроведеното гласање на _________.2024 година, утврди дека:

Во гласањето учествувале ______ членови на Факултетското студентско собрание.

Пронајдени се ______ неважечки гласачки ливчиња.

I. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Изборната комисија, констатира дека поодлените кандитати за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, го добија следниот број на гласови:

1. ________________________________ вкупно _____ гласа,
2. ________________________________ вкупно _____ гласа,
3. ________________________________ вкупно _____ гласа,
4. ________________________________ вкупно _____ гласа.

II. Врз основа на резултатите од гласањето Изборната комисија, констатира дека за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор, е избран:

1. ________________________________ вкупно ____ гласа.

Евентуални забелешки ________________________________________________________________.

Изборна комисија:

ФСС - ФМУ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 15-32/1
9.1.24 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22, 23, 24, 41 и 42 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на седницата одржана на 9.1.2024 година, го распишува следниот

**КОНКУРС**
**за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје**

**Член 1**

Се распишува избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 2**

Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со тајно гласање, избира заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор.

**Член 3**

Се именуваат тројца студенти во Изборната комисија за спроведување на изборот на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во следниот состав:

1. Сара Силјановска, студент,
2. Зоран Трајчески, студент и
3. Ристе Спанџов, студент.

**Член 4**

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат пријавени за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје. Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство за спроведување на избори на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Упатството).

Упатството се објавува на огласната табла за студенти и веб-страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 6**

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, може да биде избран редовен студент на Факултетот.

Кандидатите за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје преку архивата на Факултетот поднесуваат пријава до Изборната комисија најдоцна до 9.2..2024 година.

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од претставниците Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје кои гласале.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на огласната табла за студенти и на веб-страницата на Факултетот.

Претседател,

Никола Ѓорѓиев

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
ФСС-ФМУ